## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1078.**

Врз основа на член 257 од Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/05 и 4/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27.04.2010 година, донесе

### УРЕДБА
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИОТ ЗАКОН

Член 1

Во Уредбата за спроведување на Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/05, 73/06, 40/07, 62/07, 42/09 и 38/2010) во член 30 во ставот 1, зборовите: „е Стопанската комора на Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „се Стопанските комори во Република Македонија, регистрирани согласно закон“.

Член 2

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 51-2332/1
27 април 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

---

**1079.**

Врз основа на член 16 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/05 и 150/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7.04.2010 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

Член 1

Со оваа одлука на Министерството за одбрана му престанува користењето на недвижни ствари и тоа:

- Караула „Ченгино Кале“ – со земјиште во површина од 30630 м2, од кој земјиште под објекти во површина од 336,70 м2, лоцирано на КП бр. 3470, евидентирано во ИЛ бр. 790 КО Пехчево, сопственост на Република Македонија и
- земјиште во површина од 7295 м2, од кои земјиште под објект од 144 м2, лоцирано на КП бр. 3643, евидентирано во ИЛ бр. 265 КО Црник, сопственост на Република Македонија.

Член 2

Недвижните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на времено користење за период од 10 години, без надомест на општината Пехчево.

Член 3

Примопредавањето на недвижните ствари од член 1 на оваа одлука, ќе се изврши меѓу Министерството за одбрана и општината Пехчево, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 51-1957/1
10 април 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

**1080.**

Врз основа на член 25, став 5 од Законот за јавен долг („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05 и 88/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27.04.2010 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ПРИРЕДУВАЊЕ НА ИГРИ НА СРЕЌА АД – СКОПЈЕ, ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ, ДРЖАВНА ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА, СО ДЕНАРСКИ ДОЛГОРОЧЕН РАМКОВЕН КРЕДИТ СО ДЕВИЗНА КЛАУЗУЛА КАЈ ОХРИДСКА БАНКА АД ОХРИД

Член 1

Акционерското друштво за приредување на игри на среќа АД – Скопје, во државна сопственост, Државна лотарија на Македонија, се задолжува кај Охридска банка АД Охрид со денарски долгорочен рамковен кредит со девизна клаузула во износ од 120.000.000 денари за период од 4 (четири) години вклучувајќи 1 (една) година грејс период, сметани од денот на склучување на договорот.

Член 2

Средствата од денарскиот долгорочен рамковен кредит со девизна клаузула од член 1 на оваа одлука, Акционерското друштво за приредување на игри на среќа АД - Скопје, во државна сопственост, Државна лотарија на Македонија ќе ги користи за плаќање на опремата и софтверот за on-line системот за приредување на игрите на среќа, и тоа под следните услови:

- рок за враќање 4 (четири) години со вклучен грејс период од 1 (една) година;
- каматна стапка: 7,00% на годишно ниво, која ќе се пресметува и наплатува месечно наназад;
- провизија за обработка: 0,50% еднократна провизија од износот на одобрените средства (максимум 100.000,00 денари);
- без провизија за предвремено враќање.

Член 3

Условите и начинот на користење на заемот, како и сервисирањето на обврските кои произлегуваат од истиот, се утврдуваат со Договорот за денарски долгорочен рамковен кредит со девизна клаузула кој ќе се склучи меѓу Акционерското друштво за приредување на игри на среќа АД - Скопје, во државна сопственост, Државна лотарија на Македонија и Охридска банка АД Охрид.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 51-2340/1
27 април 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

---

**1081.**

Врз основа на член 22 став 5 од Законот за јавен долг („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/2005 и 88/2008), Владата на Република Македонија на, седницата одржана на 27.04.2010 година, ја донесе следната

### ОДЛУКА
### ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДРЖАВНА ГАРАНЦИЈА НА ОБВРСКИТЕ НА ЕЛЕМ АД СКОПЈЕ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ДОГОВОРОТ ЗА ДОЛГОРОЧЕН КРЕДИТ ЗА „ПРОЕКТОТ ЗА МОДЕРНИЗАЦИЈА НА ТЕЦ - БИТОЛА“ ОД СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ

1. Со оваа одлука Владата на Република Македонија во име на Република Македонија издава државна гаранција со која го гарантира навременото и целосно ис-